Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

103 години

Број 584 www.mchamber.mk 21.02.2025

## Нови предизвици и конкретни чекори за раст на металната и електроиндустријата




## Анатол Кутревски во „Бизнис-клуб“: „Дипломираниот студент не треба да има енциклопедиско знаење, туку критички да размислува и да донесува одлуки“



21.02.2025, Семинар Дводневен интерактивен семинар на тема: ОСНОВНИ И НАПРЕДНИ ТЕХНИКИ НА ПРОДАЖБА, ТРЕНИНГ ЗА ТРЕНЕРИ

24.02.2025, Инфо сесија Инфо-сесии: Пристап до финансии и успешна апликација за EIC грантови

24.02.2025, Обука „МАРКЕТИНГ НА КОРПОРАТИВНИ ESG ИНИЦИЈАТИВИ“ –

28.02.2025, Обука Еднодневна специјалистичка обука на тема: СИТУАЦИОНО ЛИДЕРСТВО - ОСНОВА ЗА ПРОДУКТИВНОСТА НА КОМПАНИТЕ

03.03.2025, Обука МАРКЕТИНГ НА КОРПОРАТИВНИ ESG ИНИЦИЈАТИВИ

12.03.2025, Обука „МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ“

24.03.2025, Обука „СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ (SALES CLOSING), КАКО ДА СЕ ПРИВЛЕЧЕ И ЗАДРЖИ ДОБАР ПРОДАЖЕН КАДАР

ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители



Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk
https://www.youtube.com/user/MKChamber
https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



## Анатол Кутревски во „Бизнис-клуб“: „Дипломираниот студент не треба да има енциклопедиско знаење, туку критички да размислува и да донесува одлуки“



Гостин на претседателот на Стопанската комора Бранко Азески во најновото тринаесетто издание на поткастот „Бизнис-клуб“ е Анатол Кутревски, втор извршен директор на „Пекабеско“ АД Скопје, кој зборува за недостигот од работна сила како сериозен проблем со кој се соочува македонската економија и за инвестициите во автоматизација во семејната фирма за да се ублажи проблемот со недостигот од работна сила.

„Инвестициите ги насочуваме кон автоматизација и обнова на старите машини од причина што се соочуваме со проблемот на недостиг од работна сила и гледаме тоа да го надополниме со инвестирање во машини со кои ќе требаат помалку луѓе за работа. Но луѓето не можат да се заменат во целост. Има мануелни процеси во кои луѓето можат да се заменат, но има и процеси во кои човекот тешко може да биде заменет“, изјави Кутревски.

Во разговорот Кутревски истакна дека намалувањето на демографијата станува сериозен проблем за државата бидејќи доведува до недостиг од работна сила, а тоа влијае врз развојот на државата. Според него, ако државата нема луѓе, ќе нема за кого да се произведува во иднина, а за компаниите, иако вложуваат во автоматизација на машините и на опремата, ќе дојде момент кога ќе нема луѓе кои би работеле со нив.

# Нови предизвици и конкретни чекори за раст на металната и електроиндустријата




Нередовен поврат на ДДВ, потреба од промени во Законот за работни односи, подготовка на CBAM-извештај, кој ќе им овозможи на компаниите да се усогласат со европските регулативи за карбонските давачки, а со тоа да ги оптимизираат своите процеси, како и активна континуирана посета на компаниите од металната и од електроиндустријата беа дел од темите за кои се дискутираше на седницата на Здружението на металната и електроиндустријата при Стопанската комора.

За потребата од промени во Законот за работни односи акцентот беше ставен врз зголемувањето на квотите за увоз на странски работници. Ова е од особено значење поради сè поголемиот одлив на стручен кадар од индустријата, што доведува до сериозен недостиг на квалификувана работна сила.

Компаниите присутни на седницата информираа и за проблемите со задоцнувањето на повратот на ДДВ, што создава тешкотии во ликвидноста на компаниите и ја ограничува нивната способност за инвестиции и за проширување на капацитетите. Овој проблем беше идентификуван како сериозна пречка за стабилноста на индустријата.

Се разговараше и за планот за посети на компаниите, кој ќе има цел подобрување на комуникацијата и размена на најдобрите практики меѓу различните претпријатија во индустријата. Овој план се очекува да донесе значајни придобивки во смисла на поттикнување иновации и раст на секторот.

Претставниците на компаниите од секторот присутни на состанокот активно учествуваа во дискусијата, разменувајќи мислења и предлози за идни активности и предложувајќи конкретни насоки за решавање на тековните предизвици и за унапредување на условите за развој на металната и електроиндустријата, од што треба да произлезат и соодветни заклучоци.



# Македонскиот туризам во Лондон ќе се претстави на Б2Б платформата „NEW DEAL EUROPE“



Претставници на Здружението за угостителство и туризам при Стопанската комора одржаа средба со директорите и основачите на туристичкиот настан и форум во Европа – NEW DEAL EUROPE, Тине Мурн и Роберт Дее, кои се истакнати претставници на туристичката индустрија и регионални претставници на Европската туристичка асоцијација (ETOA) за регионот на Јадран и Балкан.

Овој престижен настан, на кој годинава ќе учествуваат и претставници од туристичкиот сектор во нашата држава вклучително и членки на Здружението при Комората, е посветен на 12 земји од Југоисточна Европа и Балканот и се одржува секоја година во Лондон на почетокот на пролетта. Настанот организира околу 1.200 состаноци во еден ден, заедно со три образовни презентации за дестинации.

Директорите на NEW DEAL EUROPE, се истовремено и потписници на Манифестот за туризам на Европската туристичка комисија, документ кој се залага за одржлив развој и унапредување на туристичкиот сектор во Европа.

На средбата беа разгледани можностите за соработка помеѓу македонските туристички оператори, хотелиери и винарии и платформата NEW DEAL EUROPE, како и начините за подобрување на туристичката понуда на Македонија преку учество на овој значаен форум. Двете страни истакнаа заедничка заложба за зголемување на видливоста на Македонија како атрактивна дестинација на меѓународниот туристички пазар поединечно но и регионално како дел од Западен Балкан, но и како успешна туристичка приказна со поврзување на две до три земји истовремено.

Средбата претставува важен чекор во зајакнувањето на врските со меѓународните туристички организации и креирање нови можности за македонскиот туристички сектор.

БИЗНИС ИНФО 7

## Претставени резултатите од регионалниот проект „Подобрување на квалитетот на образованието и на обуката“




Претставување на резултатите од регионалниот проект „Подобрување на квалитетот на образованието и на обуката ЕКЕТ СЕЕ“ беше во фокусот на Конференцијата Подобрување на квалитетот на образованието и обуката, која заеднички ја организираа Стопанската комора на Северна Македонија и Центарот за развој на стручното образование и обука, на 19 февруари 2025 година.

Регионалниот проект „Подобрување на квалитетот на образованието и на обуката ЕКЕТ СЕЕ“, кој започна во 2021 година, се спроведуваше во рамките на Секретаријатот за иницијативи за образовни реформи во Југоисточна Европа (ЕРИ СЕЕ), поддржан од Коморскиот инвестициски форум (КИФ) и од Европската фондација за обука (ЕТФ), а финансиран од Австриската агенција за развој со буџет од околу 2 милиони евра. Регионалниот проект се спроведуваше во шесте земји од Западен Балкан и се состоеше од две компоненти: креирање стандарди на занимања и квалификации во секторот земјоделство и во секторот машинство во првата компонента и обезбедување квалитет во образованието (фокус на надворешната евалуација на институциите) во втората компонента. Во реализацијата на активностите на проектот беа вклучени центрите за стручно образование и обука, стопанските комори и бизнис-заедницата, како и агенциите за квалификации, Бирото за развој на образованието и просветните инспекторати на национално и на регионално ниво. Овој регионален проект е продолжение на проектот „Кон регионално засновани стандарди на занимање“, кој се реализираше од 2019 до 2021 година, а се фокусираше на развој на петте регионални стандарди на занимање во секторите угостителство, туризам и градежништво, интегрирајќи ги потребите на бизнис-секторот на национално ново и придонесувајќи за зајакнување на врските меѓу бизнисот и образованието.

На Конференцијата беше истакната регионалната соработка на земјите од Западен Балкан, која отвора можности за реализација на заеднички активности со цел креирање подобри услови за водење бизнис, подобрување на конкурентноста и раст на извозниот потенцијал на компаниите. За исполнување на овие цели неопходно е унапредување на човечкиот капитал и добивање квалификации кои ќе бидат признати во земјите од Западен Балкан, со што ќе се олесни мобилноста на стручните и квалификувани лица во регионот. На Конференцијата резултатите што беа постигнати во текот на четиригодишната реализација на проектот беа претставени преку три панел-дискусии.

Во првата панел-дискусија насловена „Стручно образование и обука“ учествуваа претставници од стручните училишта, а во фокусот беа креирањето на двата стандарди за занимањето агротехничар за традиционално и за органско производство и за квалификацијата бравар и негово усогласување на регионално ниво; изработката на наставен материјал за изучување на квалификацијата со дополнителна документација, како водичи за работа; реализираните обуки за 222 наставници и координатори за учење преку работа за двете квалификации и за ментори во компаниите, како и воспоставувањето на мрежата за стручно образование на Југоисточна Европа.

На втората панел-дискусија насловена „Улогата на бизнисот во реализацијата на резултатите“ претставници на Стопанската комора и на бизнис-заедницата говореа за нивното учество во креирањето на стандардите на занимањата и квалификациите, кое има посебно значење во изработката на стандардот на одредено занимање бидејќи се тие најкомпетенти да го дадат описот на занимањето и на потребните знаења и вештини што треба да ги поседуваат лицата за да можат да ги извршуваат работните функции на занимањето, ги поврзуваат потребите на бизнисите со образованието и обуката на работната сила и ги прават релевантни на потребите, а тоа влијае врз:

1. подобрувањето на конкурентноста на пазарот преку стандардизација на вештините затоа што во стандардите на занимање се дефинира нивото на знаењата, вештините и на компетенциите потребни за одредени професии, што овозможува бизнисите да имаат подобар пристап до квалификувана работна сила, а тоа е клучно за нивната продуктивност и конкурентност;

2. поддршката за економскиот развој преку приспособување на пазарот на трудот, бидејќи со учеството во креирањето стандарди бизнис-заедницата може да влијае врз насоките на образованието и обуката, осигурувајќи дека работната сила е подготвена за потребите на современиот пазар;

3. намалувањето на неформалната економијапреку формализација на занимањата, со што бизнис-заедницата може да придонесе за намалување на неформалната економија бидејќи работниците и компаниите ќе бидат поттикнати да ги почитуваат утврдените норми.

Во фокусот на третата панел-дискусија насловена Обезбедување квалитет беше осигурувањето квалитет, а во неа претставниците од Државниот просветен инспекторат и од Бирото за развој на образованието говореа за изработката на стандардот на компетенции за надворешни евалуатори и на прашалникот за потребите на надворешните евалуатори, како и на програмата за обука на надворешните евалуатори и за реализираната обука на евалуаторите (советници кои вршат стручен увид и/или оценување на воспитнообразовниот процес во училиштата). Исто така, во рамките на оваа компонента беа спроведени анализа на состојбата во сите држави вклучени во проектот и истражување за потребите на евалуаторите, кои споделуваа добри практики од шесте економии во делот на осигурувањето квалитет во образованието.

На настанот присуствуваа претставници од бизнис-секторот и од Министерството за образование и наука, наставници и директори на стручни училишта, како и претставници од Стопанската комора и од Центарот за развој на образованието и обуката.

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**24.02.2025 , Инфо сесија**

# Инфо-сесии: Пристап до финансии и успешна апликација за EIC грантови

Доколку сте сопственик на мало или средно претпријатие (МСП), стартап или претприемач со иновативни идеи, пријавете се за учество на две инфо-сесии, кои ќе ви помогнат да го откриете потенцијалот на програмата Хоризонт Европа и да ги разберете можностите за финансирање преку Европскиот иновациски совет (EIC).

Двете инфо-сесии се дизајнирани да ви понудат клучни информации и практични совети, без разлика дали сте почетник или веќе имате искуство со програмата.

Инфо-сесии: Пристап до финансии и успешна апликација за EIC грантови – МИР фондација

Дали сте сопственик на МСП, стартап или претприемач со иновативни идеи?

- овие инфо-сесии се вашиот клуч за разбирање на можностите за финансирање преку Хоризонт Европа и Европскиот иновациски совет (EIC)!

Местата се ограничени! Пријавете се денес со пополнување на следниот формулар: https://lnkd.in/dpKBMvZF

Прочитајте повеќе на следниот линк:https://lnkd.in/dNC_cUdT

Фондација за менаџмент и индустриско истражување, во рамки на мрежата Enterprise Europe Network и со поддршка на Министерството за економија и труд, ги организира двете инфо-сесии кои ќе ви помогнат да го откриете потенцијалот на програмата Хоризонт Европа и да ги разберете можностите за финансирање преку Европскиот иновациски совет (EIC). Двете сесии се дизајнирани да ви понудат клучни информации и практични совети, и доколку сте почетник и доколку веќе имате искуство со програмата.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска.
Т. ( +389) 23 24 40 09
М: ( +389) 70 277 849
Е. irena@mchamber.mk



**12.03.2025 , Обука**

# „МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ"

Концептот за менаџерот како коуч подразбира лидерски стил според кој менаџерите се фокусираат на развојот и на овластувањето на своите тимови, а не само на управувањето со задачите. Предизвиците со кои се соочуваат компаниите од аспект на недоволната ангажираност и самостојност во работењето често се должат на пристапот на водење според кој се нудат готови решенија, за кои вработените немаат доволно информации или вештини да ги спроведуваат како што се очекува од нив. Новиот пристап во менаџментот носи потреба од интерактивен, двонасечен процес на водење, во кој менаџерот го активира и го максимизира потенцијалот на секој вработен одделно.

Менаџерот како коуч дејствува и како ментор, нудејќи насоки, повратни информации и поддршка, за да им помогне на вработените да растат, да се здобиваат со повисоки компетенции, како и континуирано да преземаат поголема одговорност за извршување на задачите. Од членовите на тимот со кој се управува низ коучинг-пристапот се очекува самите да размислуваат во насока на најдобри, оптимални решенија за секојдневните предизвици и со тоа да имаат проактивен пристап, наместо решенијата да ги бараат и да ги очекуваат од својот претпоставен. Со јакнењето на чувството на компетентност кај вработените се зголемува мотивацијата за натамошно учење. Ова води кон зајакната припадност на компанијата, која нуди можност за кариерен развој, фактор кој е особено важен за задржување на новите генерации вработени.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија, на 13 март 2025 година. организира еднодневна обука на тема „МЕНАЏЕРОТ КАКО КОУЧ – АЛАТКИ ЗА ПОТТИКНАТА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ТИМОВИТЕ".

Целта на концептот Менаџерот како коуч е континуирано да се зголемува ефикасноста на тимот, да се подобри ангажманот и да се изградат силни односи преку фокусирање на развојот и благосостојбата на вработените.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев,
Телефон: + 389 2 3244067
mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета А.Ефтимова
Телефон: 02 32 44 074
beti@mchamber.mk

**28.02.2025 , Инфо сесија**

# Еднодневна специјалистичка обука на тема: СИТУАЦИОНО ЛИДЕРСТВО - ОСНОВА ЗА ПРОДУКТИВНОСТА НА КОМПАНИЈАТА

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Centar Group ДОО Белград, Р.Србија, на 28 февруари 2025 година, организира еднодневна специјалистичка обука на тема: СИТУАЦИОНО ЛИДЕРСТВО – ОСНОВА ЗА ПРОДУКТИВНОСТА НА КОМПАНИЈАТА –

Зашто ја препорачуваме оваа обука?

- Бидејќи новите околности бараат нови лидерски пристапи;
- Личниот пристап овозможува највисока продуктивност кај соработниците;

- Само продуктивните лидери се способни да ја извлечат компанијата од криза;
- Имаме се поголема флуктација на вработени;

- Компаниите кои користат ситуационо лидерство се високо продуктивни и профитабилни.

За кого е наменета обуката?

Специјалистичката обука е наменета за топ менаџери, директори и раководители од сите нивоа и сектори во организацијата, менаџери и вработени во секторите за човечки ресурси, тим лидери, претприемачи, секој која сака да креира ефикасни тимови, како и за други лица кои сакаат да ги зголемат своите лидерски вештини.

Предавач:
Драгиша Ристовски (D.R. Gilbert) е еден од највлијателните и најплодните автори и тренери на теми поврзани со едукација и развој на човечки ресурси. Под псевдонимот D.R. Gilbert се објавени 23 книги (со дополнителни изданија) кои се преведени на шест јазици и пласирани преку 200.000 примероци. Во својата кариера имал прилика да одржи повеќе од 3000 обуки, семинари, работилници и конференциски настапи на кои земале учество преку 2500 компании, микро, мали и средни претпријатија од сите индустрии од десетина држави.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 02 32 44 074
beti@mchamber.mk



**03.03.2025 , Обука**

# МАРКЕТИНГ НА КОРПОРАТИВНИ ESG ИНИЦИЈАТИВИ

Еднодневниот семинар се фоксуира ефикасна комуникација на ESG иницијативите на компаниите. Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со потребата од соодветна комуникација на ESG иницијативитите сè со цел нивна поголема видливост пред целната публика. По завршувањето на семинарот, посетителите ќе имаат основни познавања и искуство од практична вежба за креирање на комуникациски план за ESG иницијатива, како и подетално разбирање на самата ESG тематика и нејзините сегменти.

Ефикасното интегрирање на ESG иницијативите во маркетинг стратегиите станува сè позастапено кај компаниите, но нивото на имплементација во најголемиот дел од локалниот пазар сè уште останува основно. Брендовите често се фокусираат на едноставни објави на социјалните мрежи за нивните еколошки или општествени ангажмани, без претходна анализа на нивното реално влијание и релевантност за целната публика.

Бројни компании одлучуваат да комуницираат ESG теми кои во моментот се „трендинг" без стратегиски пристап и без јасно дефинирани бизнис и маркетинг цели. За да се создаде успешна ESG маркетинг комуникација, неопходно е длабинско разбирање на вистинските вредности на брендот, избор на соодветни комуникациски канали и дефинирање на содржина која автентично ја пренесува ESG активацијата.

На овој семинар ќе бидат дискутирани ефикасни пристапи за интеграција на ESG во маркетинг стратегиите, како и практични методи за создавање релевантна и влијателна содржина. Преку реални примери и интерактивна вежба, учесниците ќе научат како да изградат автентични ESG наративи кои во вистинско светло ќе ги претстават ESG напорите на нивните компании пред целната публика.

Семинарот е соодветен за претставници на комуникациски, маркетинг и HR сектори, задолжени за промотивната комуникација на компаниите во кои работат.

Посетителите е неопходно на семинарот да понесат лап топ поради активно учество во практичниот дел.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев,
Телефон: + 389 2 3244067
mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Рафајловска
Телефон: 02 32 44 057
anita.mitrevska@mchamber.mk

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

103
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088